# XI ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

**СОДРЖИНА**

XI.1 Вовед........................................................................................................2
XI.2 Законски прописи и регулативи...................................................................3
XI.3 Оперативен план...........................................................................................4

**Прилог XI**

Оперативен план на "Адинг Градба" Струмица

Активност бр.1 Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната околина

Активност бр.2 Намалување на потрошувачката на вода

Активност бр.3 Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот

Активност бр.4 Да се превземе активност на садење на зелен појас на граничните зони на погоните за спречување на емисија на бучава и цврсти честички

# XI. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

## 1. Вовед

Изведувањето на активностите во рамките на инсталацијата "Адинг Градба" Струмица е во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина и околина "Адинг Градба" Струмица издвојува и дел од својот буџет за вложување во заштита на вработените и заштита на животната средина.

Со досегашната работа "Адинг Градба" Струмица покажува дека се стреми да ја сочува животната околина.

"Адинг Градба" Струмица секогаш се стреми кон најновите достигнувања на полето на и затоа ги посочува идните чекори во однос на зачувување на животната средина. Преку намалување на потрошувачката на суровини, енергија, намалување на емисиите на штетни материи во животната околина. Со правилно складирање, третман и обработка на отпадни материи, како и отпадите кои се создаваат во рамките на инсталацијата да се даде допринес кон зачувување на животната околина , а таа е една, незаменлива и општа за сите луѓе.

На крајот на годината од страна на највисокото раководство се подготвува План за инвестирање со цел да се модернизира инсталацијата со посовремени, пософистицирани солуции и системи како и реконструкција и реновирање на делови на веќе постоечката опрема и капацитети.

Во своите приоритети "Адинг Градба" Струмица сака да воведе и усвои стратегија за управување со отпадот. Реализацијата на тој план практично ќе резултира со зголемување на грижата кон сите аспекти на животната средина како и промовирање на почисто производство.

## 2. Законски прописи и регулативи

Како резултат на дејностите кои што се извршуваат во рамките на инсталацијата, а се со цел спречување или онаму каде што е возможно намалување на емисиите во воздух, вода или почва а со тоа и постигнување на високо ниво на заштита на животната средина во целина , во согласност со Директивата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето 96/61/EC како и Законот за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија број 68/2004) "Адинг Градба" Струмица очекува да го даде својот придонес кон зачувување на животната средина.

# 3. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина и околина "Адинг Градба" Струмица Закон за животна средина објавен во Службен весник 53 во 2005 и Директивата за Советот од 24 Септември 1996 година за интегрирано спречување и за контрола на загадувањето 96/61/ЕС го предлага следниот:

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**:

1. Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната околина
2. Намалување на потрошувачката на вода
3. Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот
4. Да се превземе активност на садење на зелен појас на граничните зони на погоните за спречување на емисија на бучава и цврсти честички

## 3.1 Менаџмент во однос на заштитата на животната средина

Повеќето од техниките кои што се однесуваат на менаџментот во однос на заштитата на животната средина се детерминираат како “Најдобри достапни техники”. Нивото на детален опис како и природата на стандардите во врска со менаџментот за заштита на животната средина генерално може да се поврзе со природата, размерот и комплексноста на самата инсталација, како и опсегот на влијание кое што го има врз животната средина.

**“Најдобрите достапни техники” всушност вршат имплементирање и координирање во согласност со Менаџмент системот за заштита на животната средина (ЕМС) кој што ги вклучува следниве составни делови:**

а) дефинирање на политиката која што треба да ја има врвната менаџмент група во однос на инсталацијата. (Посветеноста на врвниот менаџмент се дефинира како предуслов за спроведување на успешна апликација на останатите составни делови од Менаџмент системот за зашита на животната средина).

б) планирање и спроведување на сите потребни постапки

в) имплементација на постапките, при што треба да се обрати внимание на:

I. структурата и одговорноста
II. стекнување на рутина, координација и компетентност
III. комуникативност
IV. вклучување на вработените во процесот
V. документирање
VI. ефикасна контрола на процесот
VII. програма за одржување на техничката опрема
VIII. степен на подготвеност и реакција во итни случаи
IX. согласност во однос на безбедноста при координација со законите за заштита на животната средина.

г) проверка на перформансите и превземање на корективни мерки така што се обраќа големо внимание на

I. надгледување и мерење

II. корективни и превентивни мерки

III. одржување на запишаните документи

IV. независно внатрешно известување во однос на тоа дали менаџмент системот кој што се спроведува со цел да се изврши заштита на животната средина е во согласност со планираните прописи, и дали е извршено негово правилно имплементирање и почетно дизајнирање.

д) ревидирање на работата на врвниот менаџмент.

***1. Мерки кои ќе се превземат:***

- Организирање на програми за едукација на сите нивоа, обуки теоретски и практични за вработените на "Адинг Градба" Струмица. Целта на обуките кои ќе се организираат во инсталацијата "Адинг Градба" Струмица е подигање на свеста на вработените за водење на грижа за животната околина.

## 3.2 Редукција на емисии на прашина

Во овој дел се вклучени операциите каде што имаме поголема концентрација на прашина како што се: операциите при припрема на суровината, сушење на суровината, мешање на суровината итн.

***1. Мерки кои ќе се превземат за намалување на прашината се следните:***

- редовно чистење на исталацијата после завршување на производството,
- редовно прскање на инсталациите за намалување на прашината,
- редовно чистење на таложниците,
- бетонирање на опкружувањето на Бетонската база, за да се овозможи добро чистење на инсталацијата;

## 3.3 Намалување на потрошувачката на вода

Водата во"Адинг Градба" Струмица се користи за миење на мешалката после завршување на производството во бетонските бази, и за миење на целата инсталација. Како НДТ се смета повторното искористување на водата после нејзино третирање во таложинците.

*1. Мерка која ќе се превземе за намалување на потрошувачката на вода е:*

- За да може да се искористува водата од таложниците, потребно е повеќе да се внимава на нејзино третирање. Да се изградат најмалку два таложници (бетонирани) кои исто така треба редовно да се чистат.

- Кај бетонските бази да се води сметка за економично трошење на водата при чистење на инсталацијата т.е со користење на економични дизни и распрскувачи на вода.

## 3.4 Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина

- Бетонирање на површината околу Бетонската база, со оваа мерка се добива подобрување на визуелниот ефект на животната средина, можност за подобро чистење на инсталацијата (намалување на прашината).

- Да се превземе активност на садење на зелен појас на граничните зони на погоните за спречување на емисија на бучава и цврсти честички.

- Во прилог XI се дадени Оперативните планови за горе наведените планирани активности:

***Активност бр.1*** Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната околина

<table>
<tr><td colspan="4">1. Опис<br>Организирање на програми за едукација на сите нивоа, обуки теоретски и практични за вработените кои се непосредни ракувачи и управувачи со опасни супстанции, опасен отпад или потенцијален отпад, со периодична проверка на обученоста како и обуки кои ќе ја подигнат свеста на вработените за водење на грижа за животната околина.</td></tr>
<tr><td colspan="4">2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>12.2007</td></tr>
<tr><td colspan="4">3.Предвидена дата на завршување на активноста<br>12.2008</td></tr>
<tr><td colspan="4">4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>/</td></tr>
<tr><td colspan="4">5.Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)<br>Помали несакани емисии во животната околина и избегнување на можни хаварии.</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. Влијание врз ефикасноста (Промена во начинот на управување со суровините кои се користат за производство на бетон и асфалт).<br>/</td></tr>
<tr><td colspan="4">7. Мониторинг</td></tr>
<tr><td>Параметар</td><td>Медиум</td><td>Метода</td><td>Зачестеност</td></tr>
<tr><td>Присутноста на учесниците</td><td>/</td><td>Проверка (Статистичка)</td><td>Годишно<br>(За секоја промена во постапките за ракување со опасни супстанции,опасен отпад или</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | потенцијален опасен отпад, веднаш да се спроведе постапката за едукација) |

8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)

Запис од спроведените активности

- тема и содржина на обуката
- список на присутни учесници
- заклучоци

Известување Годишно (или веднаш, после секоја промена во постапките за ракување со опасни супстанции, опасен отпад или потенцијален отпад)

9. Вредност на инвестицијата

1000 Eur

***Активност бр.2*** Намалување на потрошувачка на вода

| | | | |
|---|---|---|---|
| Опис<br>Инсталирање на систем на повторно искористување на отпадната вода од миењето на мешалката и инсталацијата, со изградба на уште еден бетониран таложник и да се бетонира постоечкиот. | | | |
| 2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>06.2008 | | | |
| 3.Предвидена дата на завршување на активноста<br>06.2009 | | | |
| 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Значително влијание | | | |
| 5.Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)<br>Незначително влијание | | | |
| 6. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија , вода и суровина)<br>Намалување на потрошувачката на вода | | | |
| 7. Мониторинг | | | |
| Параметар | Медиум | Метода | Зачестеност |
| Количини | Вода | Отчитување | Годишно |
| 8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)<br>Известување Годишно | | | |
| 9. Вредност на инвестицијата<br>10.000 Евра | | | |

***Активност бр.3*** Намалување на негативен визуелен ефект на животна средина и физичко уредување на просторот

| | | | |
|---|---|---|---|
| Опис<br>Да се превземе активност на садење на зелен појас на граничните зони на погоните за спречување на емисија на бучава и цврсти честички и уредување на дворот т.е означување на местата на одложување материјали и конструкции кои моменатаално не се користат. | | | |
| 2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>12.2007 | | | |
| 3.Предвидена дата на завршување на активноста<br>12.2008 | | | |
| 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Значително влијание | | | |
| 5.Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)<br>Незначително влијание | | | |
| 6. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија, вода и суровина)<br>Намалување на бучвата и намалување на емисии од прашина | | | |
| 7. Мониторинг | | | |
| Параметар | Медиум | Метода | Зачестеност |
| | | | |
| 8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)<br>Известување Годишно | | | |
| 9. Вредност на инвестицијата<br>1000 Евра | | | |

***Активност бр.4*** Намалување на негативен визуелен ефект на животна средина и физичко уредување на просторот

<table>
<tr><td colspan="4">Опис<br>◆ Бетонирање на површината на Бетонските бази, со оваа мерка се добива подобрување на визуелниот ефект на животната средина, можност за подобро чистење на инсталацијата (намалување на прашината) и намалување на можноста за истекување и загадување на почвата.</td></tr>
<tr><td colspan="4">2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>2010</td></tr>
<tr><td colspan="4">3.Предвидена дата на завршување на активноста<br>2011</td></tr>
<tr><td colspan="4">4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Значително влијание</td></tr>
<tr><td colspan="4">5.Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)<br>Незначително влијание</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија, вода и суровина)<br>/</td></tr>
<tr><td colspan="4">7. Мониторинг</td></tr>
<tr><td>Параметар</td><td>Медиум</td><td>Метода</td><td>Зачестеност</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)<br>Известување Годишно</td></tr>
<tr><td colspan="4">9. Вредност на инвестицијата<br>5000 Евра</td></tr>
</table>

Преглед на реализацијата на активностите од Оперативниот план и финансирањето

| Р.б | Активност | Финансирање по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 Година | 2008 Година | 2009 Година | 2010 Година | 2011 Година | Вкупно |
| 1. | Бр.1 | 12.2007 | 12.2008 | | | | 1.000 Евра |
| 2. | Бр.2 | | 06.2008 | 06.2009 | | | 10.000 Евра |
| 3. | Бр.3 | 12.2007 | 12.2008 | | | | 1.000 Евра |
| 4. | Бр.4 | | | | 2010 | 2011 | 5.000 Евра |
| | | | | | | | **17.000 Евра** |